РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

ОПШТИНА ПРИЛЕП
-Локална самоуправа-
бр. 03-2550/2
17.09 2024 год.
ПРИЛЕП

од 16.09.2024 год.
Прилеп

Врз основа на член 27 став (5), како и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ 32/20) и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

**СООПШТЕНИЕ**

**Се организира јавна презентација и јавна анкета за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 9, БЛОК 9.15, ОПШТИНА ПРИЛЕП.**

Опис на планскиот опфат:

Планскиот опфат кој е предмет на изработка на детален урбанистички план се наоѓа во Четврт 9, Блок 9.15, согласно измена и дополнување на ГУП за град Прилеп донесен со одлука бр.25-2888/5 од 28.12.2015 год.

Границата на блокот е дефинирана со осовините на магистралната улица М2 „Обиколница Исток“ од југозападната страна, осовината ан коритото на река Оревоечка од југоисточна страна и со границата на планскиот опфат на градот Прилеп од северната и источната страна.

Површината на планскиот опфат односно на блокот по ГУП изнесува **10,75ха.** сметано по осовините по кои е одреден планскиот опфат.

Јавната анкета и јавната презентација ЗА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 9, БЛОК 9.15, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Нацрт Планот во просториите на Општина Прилеп.

Јавната анкета ќе трае 32 (триесет и два) дена и тоа од 03.10.2024 година до 05.11.2024 година, секој работен ден од 8.30 до 15.30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретно подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 07.10.2024 година, понеделник во 12:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Борче Јовческ**и

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

